ШИФРА НА КАНДИДАТОТ

ЗАЛЕПИ ТУКА

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

ДРЖАВНА МАТУРА

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

**Време за решавање: 180 минути**

**август 2015 година**

**Шифра на ПРВИОТ оценувач**

**Запиши тука:**

**Шифра на ВТОРИОТ оценувач**

**ЗАЛЕПИ ТУКА**

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

## УПАТСТВО ЗА КАНДИДАТОТ

Внимателно прочитај го упатството. Не испуштај ништо.
Залепи ја шифрата на означеното место на тестот (**„Шифра на кандидатот“**).
**Не врти страници** и не почнувај со решавање на задачите сè додека не ти каже надгледувачот.
Тестот содржи задачи.
На задачите се одговара на еден од следните начини:
- со дополнување;
- со подвлекување делови во приложените текстови (зборови, група зборови, реченици, пасуси).

Внимавај на јазикот и на правописот во одговорите. **Пишувај читливо.** Нечитливите одговори и нејасните поправки се вреднуваат со нула (0) поени.
**И во тестот и во листот за одговори пишувај исклучиво со пенкало и со кирилско ракописно писмо.** Одговорите на задачите напишани со молив се вреднуваат со нула (0) поени.
Препишувањето е најстрого забрането. Сите идентични или слични текстови, како и текстовите испишани со различни ракописи се вреднуваат со нула (0) поени.
Покрај секоја задача е даден бројот на поените за точниот одговор.
За делот Пишување предвидено е да напишеш еден текст на тема по твој избор. Тестаторот ќе ти даде дополнителен лист на кој се напишани предложените теми и упатствата на задачата според кои треба да пишуваш.
**Ти посакуваме многу успех!**

© ДИЦ 2015

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*

**1** **Прочитај го внимателно извадокот од делото *Странецот* од Албер Ками и одговори на поставените прашања.**

**А.**

„Врелината од сонцето ми ги опфати образите и чувствував капки пот како се собираат во веѓите. Тоа беше истото сонце од денот кога ја погребавме мама и како и тогаш, особено ме болеше челото и сите негови вени биеја заедно под кожата. Поради оваа врелина што не можев веќе да ја поднесувам, направив чекор напред. Знаев дека е тоа глупаво, дека нема да се растоварам од сонцето преместувајќи се само еден чекор. Но направив еден чекор, само еден чекор напред. И овој пат, без да се подигне, Арапинот го извади својот нож што ми го покажа на сонцето. Светлината бликна врз челикот и тоа беше како долго светкаво острило што ме погоди во челото. Истиот момент, насобраната пот во моите веѓи наеднаш потече низ клепките и ги покри со млак и густ превез. Моите очи беа заслепени зад оваа завеса од солзи и сол. Ги чувствував само цимбалите на сонцето врз моето чело и нејасно блескавото сечило што молска од ножот, постојано вперен во мене. Овој усвитен меч ми ги бодеше трепките и ми ги копаше болните очи. Тогаш сѐ се заниша. Од морето се носеше тежок и врел здив. Ми изгледаше дека небото се отвора со сето свое пространство за да истура оган. Сето мое суштество се напрегна и ја стегнав раката врз револверот. Чкрапецот попушти, ја допрев мазната испакнатост на дршката и тука, во татнежот истовремено остар и заглушен, сѐ почна. Ја истресов потта и сонцето. Сфатив дека ја нарушив рамнотежата на денот, и вонредната тишина на една плажа каде што бев среќен. Тогаш стрелав уште четирипати врз неподвижното тело во кое куршумите се забуцуваа незабележливо. И тоа беа како четири кратки удари со кои почукав на вратата од несреќата.“

**Б.**

„За првпат по толку време помислив на мама. Ми изгледаше дека разбрав зошто при крајот на животот таа нашла „свршеник“, зашто изигрувала дека одново почнува. Таму, таму исто така околу тој дом за старци каде што се гасеа животите, вечерта била како меланхолична починка. Толку близу до смртта, мама бездруго се чувствувала слободна и готова одново да доживее сѐ. Никој, никој немаше право да плаче над неа. И јас исто така се почувствував готов повторно да преживеам сѐ. Како тој голем гнев да беше ме пречистил од злото, како да беше ме испразнил од надежта пред оваа ноќ преполна со знаци и ѕвезди, за првпат ѝ се предадов на онаа пријатна рамнодушност на светот. Откако искусив дека е толку слична на мојата, дека по сѐ ми е толку братски блиска, почувствува дека бев среќен и дека сум таков уште и сега. И само сѐ да ми се сврши, само да се почувствувам помалку сам, ми останува да пожелам на денот на моето погубување да има многу посматрачи и да ме дочекаат со извици на омраза.“

*Албер Ками, „Странецот“*
*Превод од француски јазик: Бранко Пендовски*
*Скопје: Наша книга, 1986*

(1.1) Албер Ками е писател кој е претставник на литературниот правец:

______________________________

1 поен

(1.2) Во кој век се случува дејството во романот „Странецот“?

______________________________

1 поен

(1.3) Според композицијата, романот е поделен на:

______________ дела.

1 поен

(1.4) Кој е раскажувач во романот?

______________________________

1 поен

(1.5) Нарацијата во извадокот Б е изведена во:

______________ лице.

1 поен

(1.6) Како се однесува Мерсо во текот на целата нарација на романот?

______________________________

1 поен

(1.7) Во извадокот А, според Мерсо, причината за убиството на Арапот е:

______________________________

______________________________

1 поен

(1.8) Според извадокот Б, како се чувствува Мерсо по изречената пресуда?

______________________________

1 поен

**2** **Прочитај го извадокот од поемата *Сердарот* од Г. Прличев и одговори на прашањата.**

**А.**
По Кузмановото тело рани се изнашараа
Згорнински, преку плеќи;
Други пак кон утробата негова место побараа,
Под ребрата пат правејќи.

Буен, ненаситен беше, жеден за крв, и бесен,
В премногу гнев тој се влеа -
Налик на оган виорен во бојот цел се внесе,
Раните вруток крв беа.

Но, животворниот извор секна и в смртен трепнеж
Наведна јунакот глава:
Некакви зборови почна да блада и да шепне
Кутриот виорен јавач.

Така и дабот клекнува - победник на ветројне -
Секира кога го зграпчи.
И со паѓањето свое вземи тој мигум тоне,
Заедно со секачите!
*(V пеење)*

**Б.**
Тага си скри девојката. Во пискот не ми гргна
Пред главата таткова стара -
Пребледе како ќелибар...Стариот божем тргна
Сватови други да бара...?

Кутриот; никогаш нема внуче во преграб да стиска!
Момата сета е в трепет:
Шамија везена кине...коси расплетува...Писка...
Сипе врз главата пепел:

„О, несреќо, о таго, о дену црн што идеш
Занапред завиткан в сиво!
О наниз долг од солзи, бескраен ли ќе ми бидеш
Грд, пуст, клет, жаловен живот...?

И само в гроб јас клета, балсам за мачна душа
Ќе најдам за да ме скраси...
Зошто ме остави Кузмане? Кузмане, дали ме слушаш?
Тебе те прашувам, кај си?
Не ќе те видам веќе со коњот гордо кај бродиш -
Ко ѕвезда што се сјае!
Ниту на сретсело оро виорно како водиш!
И играш ко ти што знаеш!

(...)
*(VII пеење)*

*Григор Прличев, „Сердарот“, Детска радост, 1993*

| | | |
|---|---|---|
| (2.1) | Во стиховите на петтото пеење се говори за: ______________________ | 1 поен |
| (2.2) | Во стихот „Зошто ме остави Кузмане? Кузмане, дали ме слушаш?“ е употребена стилската фигура ______________________ прашање. | 1 поен |
| (2.3) | Во стихот *„Пребледе како ќелибар...“*, во кој се опишува изгледот на Марија, свршеницата на Кузман, во седмото пеење е употребена стилската фигура: ______________________ | 1 поен |
| (2.4) | Кузман во првиот стих од последната строфа во петтото пеење е спореден со: ______________________ | 1 поен |
| (2.5) | Што е подготвена Марија да направи за својот свршеник Кузман според стиховите на седмото пеење? ______________________ ______________________ | 1 поен |
| (2.6) | Наведи го стихот со кој започнува тажаленката на Марија. ______________________ ______________________ | 1 поен |
| (2.7) | Марија, свршеницата на Кузман, претставува симбол за: ______________________ | 1 поен |
| (2.8) | На кој јазик Григор Прличев ја напишал поемата „Сердарот“? ______________________ | 1 поен |

**3** **Зборовните споеви што се употребуваат во јазикот како целосни, како готови јазични елементи со единствено значење, како што е *мед и млеко*, се викаат:**

____________________________________________________________

1 поен

1 2

**4** **Областите на општествено-политичкиот живот: политиката, економијата,**

**културата, спортот и сл. ги покрива ______________________________ функционален стил.**

1 поен

1 2

**5**

**Во зборот *<u>крв</u>* функцијата на самогласка ја има гласот ________________.**

1 поен

1 2

**6** **Според правилата за употреба на големата буква, одговори кои зборови се погрешно напишани во реченицата:**
*Еден од најпознатите градови на Светот е Италијанскиот град венеција?*

____________________________________________________________

1 поен

1 2

**7** **Препиши го модалниот збор кој е употребен во реченицата:**
*Ние утре сигурно ќе одиме на екскурзија!*

____________________________________________________________

1 поен

1 2

**8** **Зборовите *<u>метален</u>* и *<u>ментален</u>* се:**

____________________________________________________________

1 поен

1 2

**9** **Според потеклото, зборовите *адет*, *алва*, *баклава*, *кадаиф*, *марифет*, *мерак* се:**

___________________________________________________________

1 поен

**10** **Напиши ги кратенките за следниве зборови:**

*гимназија* __________________;

*професор* __________________.

1 поен

**11**

***Прв*, *осми*, *двоен* се ____________________________ придавки.**

___________________________________________________________

1 поен

**12**

**Сонанти во зборот *млад* се __________________ и __________________.**

1 поен

**13** **Според видот (свршен или несвршен), глаголот *гледа* е:**

___________________________________________________________

1 поен

**14** **Дадена е реченицата:** *Тој не бил на лекар цели десет години.*
**Во неа именската група *цели десет години* е прилошка определба за:**

___________________________________________________________

1 поен

**15** **Одговори од кои два полнозначни збора е составена акцентската целост *киселó-млеко*.**

___________________________________________________________

1 поен

**16** **Тестаторот ќе ти даде дополнителен лист на кој се дадени две теми. Избери <u>една тема</u> и:**

13 поени

- напиши текст од 350 до 500 збора;
- почитувај ги правилата за композицијата на текстот (воведен дел, главен дел и заклучок);
- почитувај ги правилата на стандардниот јазик;
- мислите искажи ги јасно и поврзано со употреба на факти и аргументи;
- употреби соодветна лексика и стил во согласност со видот на текстот кој го пишуваш.

| јазик | |
| --- | --- |
| 1 | 2 |
| композиција на текстот | |
| 1 | 2 |
| содржина | |
| 1 | 2 |

**17** **Внимателно прочитај го текстот и одговори на прашањата.**

## ФОБИИТЕ НА ЛУЃЕТО И НИВНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА

Околу 15 проценти од луѓето, според некои испитувања, страдаат од една фобија најмалку еднаш во животот. Последниве месеци пребарувачот „Yahoo“ има објавено список на најпребарувани фобии од страна на корисниците. Еве кои се фобиите за кои најмногу се бараат податоци и од кои најмногу страдаат луѓето:

Агорафобијата претставува страв од присуство на јавни места. Тие што страдаат од оваа фобија се чуствуваат лошо кога се наоѓаат на отворени места, затоа што се плашат од фактот дека нема да можат да ја контролираат ситуацијата во која ќе се најдат. Секако дека оваа категорија на луѓе претпочитаат да седат дома. Агорафобијците не се плашат само од јавните места, туку и од места како продавници или превозни средства.

Трипофобијата е помеѓу поновите фобии и значи страв од дупки. Овој термин е измислен последниве години и има врска со стравот од објекти со мали и тесни дупки, како што се пчелните кошници.

Ксенофобија имаат луѓето кои имаат страв од тие што се поинакви од нив. Луѓето се различни еден од друг според верата, националноста, бојата на кожата и др. и ова најчесто е причина за дискриминација. Ова е еден распространет вид фобија која многу политички движења ја користат за да ја стекнат довербата на електоратот.

Аракнофобија имаат луѓето кои се плашат од пајаци. Таа може да се манифестира со гадење, па сè до паника. Оној кој страда од оваа фобија не се плаши само од живите пајаци, туку реагира и кога гледа нивна слика.

Најприсутна фобија кај децата е коулрофобија и тоа значи дека тие се плашат од кловнови. Стравот од кловнови се јавува, но помалку, и кај адолесцентите и кај возрасните. Луѓето кои стравуваат од височини имаат фобија која се нарекува акрофобија. Беспомошно се чувствуваат луѓето кои боледуваат од стомачни болести кои поттикнуваат повраќање, затоа што тие се вознемируваат од повраќањето. Оваа фобија или еметофобија е фобија која може да предизвика тешки здравствени последици кај човекот. Ако здогледате некој човек кој се поти во затворени и тесни места, не мора да значи дека му е жешко, туку дека тој има страв од такви места. Клаустрофобијата е една од почестите фобии во денешно време.

Хидрофобија имаат луѓето кои се плашат од вода. Има и други слични фобии, онаа која се манифестира како страв од влегување во вода се вика аквафобија, а страв од влегување во море, се вика таласофобија. Никтофобија претставува страв од темнина кој може да создаде и паника. Во класификацијата на „Yahoo“ е ставена во последниот ред, меѓутоа е една од најраспространетите фобии.

(17.1) Според неколку испитувања, колку проценти од луѓето страдаат најмалку од една фобија?

1 поен

(17.2) Што претпочитаат лицата кои се плашат од јавни места?

1 поен

(17.3) Со што има врска трипофобијата?

1 поен

(17.4) Што е ксенофобија?

1 поен

(17.5) Како се вика фобијата изразена како страв на луѓето од пајаци?

1 поен

(17.6) Кој фобија е најраспространета кај децата?

1 поен

(17.7) Што создава стравот од темнина?

1 поен

(17.8) Според списокот на „Yahoo“ која од фобиите се одредува како најраспространета?

1 поен



01010215

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*